Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# СОПСТВЕНОСТА НА МЕДИУМИТЕ ВО 2025 ГОДИНА

# Содржина

Вовед ........................................................................................................ 5
Терестријални телевизии на државно ниво ........................................................ 7
Телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс ...................................... 12
Телевизии на регионално ниво ........................................................................ 15
Радиостаници на државно ниво ........................................................................ 19
Радиостаници на регионално ниво .................................................................... 21
Радиостаници на локално ниво ......................................................................... 23
Промени на сопственичката структура во 2024 година и интеграција на капиталот кај радиодифузерите ................................................................................................. 26
Следење на сопственоста на радиодифузерите од аспект на ограничувањата за стекнување сопственост ............................................................................................. 28
Сопственичка структура на издавачите на печатени медиуми ............................ 29

# Вовед

Целта на овој извештај е да придонесе за зголемена транспарентност на медиумската сопственост, што претставува еден од клучните предуслови за обезбедување медиумски плурализам и развој на демократските вредности во општеството. Извештајот обезбедува севкупен преглед на сопственоста на телевизиите, радијата и издавачите на печатените медиуми, односно на домашните и странските правни и физички лица кои се јавуваат како директни или индиректни сопственици на медиумите. Извештајот ги опфаќа и промените што настанале во сопственоста на радиодифузерите во последните пет години, а подетално се анализирани промените на сопственоста на радиодифузерите од 2024 година.

Податоците за сопственичката структура на телевизиите и радиостаниците се обезбедени од официјалните документи, односно од тековните состојби на радиодифузерите издадени од Централниот регистар, како и од веб-страницата на Централниот депозитар на хартии од вредност, а за сопствениците на издавачите на печатени медиуми како извор се користени нивните објави во рамки на исполнувањето на обврската од членот 15 од Законот за медиуми и тековните состојби издадени од Централниот регистар.

# Терестријални телевизии на државно ниво

Четири правни и две физички лица се јавуваат како директни сопственици на петте терестријални телевизии на државно ниво.

ТВ Алфа, ТВ Сител и ТВ Телма се 100 % во сопственост на правни лица, ТВ Канал 5 е 100 % во сопственост на физичко лице, а сопственици на ТВ Алсат-М се едно физичко и едно правно лице, кое е мнозински сопственик со удел од 99,86% во основната главнина на телевизијата.

Промена на сопственичката структура во последните пет години извршила само ТВ Алсат-М (во 2024 година).

Табела 1: Сопственичка структура на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години

<table>
<tr><th>ТВ</th><th>2021</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th><th>2025</th></tr>
<tr><td>ТВ Алфа</td><td colspan="5">„Алфа скоп“ ДОО експорт-импорт Скопје – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Алсат-М</td><td colspan="3">Ферик Велија - 0.07 %<br>Имихане Велија - 0.07 %<br>„Веве гроуп“ ДОО, Скопје - 99.86 %</td><td colspan="2"><u>од јули 2024</u><br>Ферик Велија - 0.14 %<br>„Веве гроуп“ ДОО, Скопје - 99.86 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Канал 5</td><td colspan="5">Емил Стојменов – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Сител</td><td colspan="5">„Монтеко“ – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Телма</td><td colspan="5">„Макпетрол“ АД Скопје – 100 %</td></tr>
</table>

Сопственик на ТВ Алфа е Трговското друштво со ограничена одговорност за промет и услуги „Алфа скоп" ДОО експорт-импорт од Скопје, кое е основано во 2000 година. Овој субјект е во сопственост на четири правни лица, од кои две се акционерски друштва, и тоа:

1. Друштво за услуги „ЦХС инвест гроуп" ДОО Скопје – со удел од 57 %;
2. Друштво за трговија и услуги „Таргет медиа" ДООЕЛ Скопје – со удел од 15 %;
3. Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет „Макошпед" АД – Скопје – со удел од 17 %; и
4. Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони „Европа" - Скопје, со удел од 11 %.



Со удел од 99%, краен сопственик на „ЦХС инвест“ е лицето Питер Шац (Peter Schatz) од Унгарија, кое во сопственоста на ова друштво влегува преку друго правно лице - Друштвото за трговија и услуги „Таргет медиа“ ДООЕЛ Скопје. Останатите 1% од сопственоста на „ЦХС инвест“ ги поседува лицето Горан Балаќ од Србија.

Вкупниот број акционери во „Макошпед“ АД изнесува 661, а во АД „Европа“ 58[1]. Подолу се претставени податоците за физичките и правните лица кои поседуваат над 5 % акции во овие две акционерски друштва.

| „Макошпед“ АД | АД „Европа“ |
| --- | --- |
| ▪ Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет „Макошпед“ АД - Скопје – 10 %<br>▪ Друштво за производство, трговија и услуги „ИГМ-трејд Илија и др.“ ДОО Кавадарци – 12,93 %<br>▪ Трговско друштво за трговија на големо и мало „Мепком Кочо и др.“ ДОО увоз-извоз Скопје – 19,03 %<br>▪ „Уготур“ Акционерско друштво за трговија, услуги и агенциско работење Скопје – 18,90 % | ▪ Друштво за трговија, производство и услуги „АС Сењак“ увоз-извоз Селаудин Арифи ДООЕЛ Кичево – 19,15 %<br>▪ Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони „Европа“- Скопје – 10 %<br>▪ Друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта „Фершпед“ АД Скопје – 21,77 %<br>▪ Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет „Макошпед“ АД – Скопје – 19,90 %<br>▪ Есамедин Хасани – 6,25 %<br>▪ Мила Левентич – 8,68 % |

[1] Централен депозитар за хартии од вредност, https://www.cdhv.mk/акционери_над_5_.aspx#, состојба на 05.05.2025 година, пристапено на 08.05.2025 година

Најголем дел од сопственоста (99,86%) на ТВ Алсат-М му припаѓа на Друштвото за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги „Веве гроуп“ ДОО Скопје. Останатите 0,14% ги поседува физичкото лице Ферик Велија, кое истовремено е и мнозински сопственик на „Веве гроуп“ ДОО Скопје.




Краен сопственик на ТВ Сител е лицето Горан Ивановски, кое индиректно ја поседува телевизијата преку Друштвото за трговија „Монтеко“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, основано во 1993 година.



„Макпетрол“ акционерското друштво за промет со нафта и нафтени деривати е единствен сопственик на ТВ Телма. Тоа има вкупно 2.376 акционери, а речиси една четвртина од акциите (24,88%) ги поседува Командитното друштво со акции за транспорт „Оилко“ Скопје. Најголем инвеститор во „Оилко“ е „Макпетрол“ АД, кое во своја сопственост има 35,61% од вкупниот број акции[2].




Сопственик на ТВ Канал 5 е физичкото лице Емил Стојменов, со удел од 100 % во вкупниот капитал на телевизијата.

[2] Централен депозитар за хартии од вредност, https://www.cdhv.mk/акционери_над_5_.aspx#, состојба на 05.05.2025 година, пристапено на 21.05.2025 година

## ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС

Телевизиите Сонце и Наша ТВ се 100 % во сопственост на физички лица, а ТВ Компани 21-М, ТВ 24 Вести и ТВ Шења во сопственост на правни лица.

Единствен сопственик на ТВ Сонце е Ѓорѓија Атанасоски, а на Наша ТВ Ристо Гоговски.

Табела 2: Сопственичка структура на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години

| ТВ | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Сонце | Ѓорѓија Атанасоски – 100 % | | | | |
| Наша ТВ | Ристо Гоговски – 100 % | | | | |
| ТВ Компани 21-М | „Компани 21“, ДОО Приштина, Косово – 100 % | | | | |
| ТВ 24 Вести | „Кејбл 24“ ДОО Линц, Австрија - 100% | | | од февруари 2024 „Комнет 328“ ДОО Белград - 100 % | |
| ТВ Шења | „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје – 100 % | | | | |

Како сопственик на ТВ Компани 21-М се јавува правно лице регистрирано во Косово, а негови сопственици се четири физички лица, исто така од Косово. Главен сопственик на компанијата којашто ја поседува ТВ Компани 21-М е лицето Афердита Келменди, чијшто удел во сопственоста изнесува 60 %.




Во сопственост на странско правно лице е и ТВ 24 Вести. Од февруари 2024 година, сопственик на оваа телевизија е „Комнет 328“ ДОО од Србија, а негов единствен сопственик е физичкото лице Зоран Киш од Скопје.



Единствен сопственик на ТВ Шења е Друштвото за трговија и услуги „Медиа ворлд њус“ ДООЕЛ Скопје, кое е основано во 2010 година и е во целосна сопственост на Фондацијата за култура и образование „Култ визиони“ Скопје. Сопственик на фондацијата е физичкото лице Таџудин Шабани.



## Телевизии на регионално ниво

Програма на регионално ниво емитуваат 13 телевизии. Од нив, само две се во сопственост на правни лица – ТВ М НЕТ-ХД од Штип и ТВ Ера од Скопје.

Сопственик на ТВ М НЕТ–ХД е Друштвото за трговија, производство и услуги М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип, основано во 2020 година. Сопственоста на ова правно лице е подеднакво поделена помеѓу три физички лица – Горан Христовски, Благој Серсемов и Трајче Андонов.




ТВ Ера е во директна сопственост на правното лице Друштво за трговија и услуги „Медиа ворлд њус" ДООЕЛ Скопје, а како краен сопственик се јавува физичкото лице Таџудин Шабани (податоците за сопственичката структура на „Медиа ворлд њус" ДООЕЛ Скопје се графички прикажани на претходната страница, во делот за сопственоста на ТВ Шења, со оглед на тоа што и двете телевизии се во сопственост на ова правно лице).

Табела 3: Сопственичка структура на регионалните телевизии во последните пет години

| ТВ | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Тера | Зоран Манговски – 100 % | | | | |
| ТВ М | Михајло Арнаудов – 100 % | | | | |
| ТВ Стар | до октомври 2021<br>Симјончо Марјанов 90 % и Розетка Моневска 10 % | Христијан Марјанов - 90 %<br>Розетка Моневска – 10 % | | | |
| ТВ Кобра | Ленче Литајковска – 50 % и Игор Литајковски – 50 % | | | | |
| ТВ Топестрада | Виган Ибиши – 100 % | | | | |
| ТВ М НЕТ-ХД | М НЕТ-ХД ДОО увоз-извоз Штип – 100 % | | | | |
| ТВ Вистел | / | | „Преобразба" ДООЕЛ Скопје 100 % | од февруари 2024<br>Петар Каревски – 100 % | |
| ТВ Едо | Енес Бабачиќ – 100 % | | | | |
| ТВ Ера | „Медиа ворлд њус" ДООЕЛ Скопје – 100 % | | | | |
| ТВ МТМ | Гордана Андреевска – 100 % | | | | од април 2025<br>Никола Тасев 100 % |
| ТВ Шутел | до јуни 2021<br>Фари Елез-100 % од јуни 2021<br>Валентин Бајрам-100 % | од март 2022<br>Енвер Иљаз 100 % | од јуни 2023<br>Антоние Стојчески – 100 % | | |
| ТВ КТВ | до јуни 2021<br>Марјан Тодоров 100 % од јуни 2021<br>Ангел Данов 100 % | Ангел Данов – 100 % | | | |
| ТВ Коха | Меваип Абдиу – 100 % | | | | |

Останатите 11 регионални телевизии се во сопственост на физички лица. Само две телевизии имаат по двајца сопственици (ТВ Стар и ТВ Кобра), а сите други се во целосна сопственост на по едно лице.

# Телевизии на локално ниво

Како сопственици на 13-те локални телевизии се јавуваат вкупно 15 физички лица.

Во последните пет години промена на сопственичката структура извршила само ТВ Гурра од Кичево. Сопственик на оваа телевизија до декември 2024 година беше физичкото лице Мерита Адиљи, а од декември 2024 година сопственик е лицето Кастриот Исеиноски. Податоците за сопствениците на сите локални телевизии и нивниот удел во сопственоста се претставени во табелата подолу.

Табела 4: Сопственичка структура на локалните телевизии во последните пет години

<table>
<tr><th>ТВ</th><th>2021</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th><th>2025</th></tr>
<tr><td>ТВ Феста</td><td colspan="5">Неџати Аќифи – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ К</td><td colspan="5">Лазо Димитров – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Протел</td><td colspan="5">Чедо Петров – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Свет</td><td colspan="5">Драган Дечков – 51 %<br>Ѓорги Дечков – 49 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Калтрина</td><td colspan="5">Мазар Татеши – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Спектра</td><td colspan="5">Демиш Каримановски – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Дибра</td><td colspan="5">Илир Лела – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Гурра</td><td colspan="3">Мерита Адиљи – 100 %</td><td colspan="2">од декември 2024<br>Кастриот Исеиноски – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Дуе</td><td colspan="5">Назми Елези – 100 %</td></tr>
<tr><td>Г-ТВ</td><td colspan="5">Блерим Мустафи – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Плус</td><td colspan="5">Ивана Петровска - 66.7 %<br>Ристо Илиевски - 33.3 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Ускана медиа</td><td colspan="5">Мунир Мехдиу – 100 %</td></tr>
<tr><td>ТВ Њуз</td><td>/</td><td colspan="4">Амир Хамити – 100 %</td></tr>
</table>

# Радиостаници на државно ниво

Едно правно и седум физички лица се сопственици на радијата кои емитуваат програма на државно ниво.

Во сопственост на правно лице е РА Канал 77. Негов сопственик е Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации „ГБЦ комуникаци“ ДООЕЛ Штип, основано во 1989 година. Ова правно лице е во сопственост на физичкото лице Виктор Гаврилов.




Сопственоста на РА Антена 5 е подеднакво поделена помеѓу физичките лица Зоран Петров, Марјан Гушев и Коста Јаневски.

РА Метрополис има двајца сопственици - Дарко Гелев, кој поседува 50,04 %, и Миле Ѓошевски, кој поседува 49,06 % од основната главнина на радиостаницата.

И РА Јон е во сопственост на две физички лица – Гоце Стојковски, кој е мнозински сопственик со 62,5% од сопственоста, и Фисник Татеши, кој ги поседува останатите 37,5 %. Во периодот од 2021 до март 2023 година ова радио имаше уште еден

сопственик – физичкото лице Андреј Стојков, кое во сопственичката структура на радиодифузерот учествуваше со удел од 25%.

Табела 5: Сопственичка структура на радиостаниците на државно ниво во последните пет години

<table>
<tr><th>РА</th><th>2021</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th><th>2025</th></tr>
<tr><td>РА Антена 5</td><td colspan="5">Зоран Петров – 33.3 %, Марјан Гушев – 33.3 % и Коста Јаневски – 33.3 %</td></tr>
<tr><td>РА Канал 77</td><td colspan="5">„ГБЦ комуникации“ ДООЕЛ – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Метрополис</td><td colspan="5">Дарко Гелев - 50.04 % и Миле Ѓошевски - 49.96 %</td></tr>
<tr><td>РА Јон</td><td colspan="2">Гоце Стојковски - 37.5 %<br>Фисник Татеши - 37.5 %<br>Андреј Стојков – 25 %</td><td colspan="3"><u>од март 2023</u><br>Гоце Стојковски - 62.5 % Фисник Татеши - 37.5 %</td></tr>
</table>

# Радиостаници на регионално ниво

Радиопрограма на регионално ниво емитуваат 14 радиостаници. Само една од нив е во сопственост на правно лице, а сопственици на другите 13 се физички лица.

Табела 6: Сопственичка структура на регионалните радиостаници во последните пет години

<table>
<tr><th>РА</th><th>2021</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th><th>2025</th></tr>
<tr><td>РА 99</td><td colspan="2">Муарем Исмаили – 100 %</td><td colspan="3">од декември 2023<br>„Умаја БТ“ ДООЕЛ Скопје 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Буба Мара</td><td colspan="5">Ранко Петровиќ - 100%</td></tr>
<tr><td>РА Ват</td><td>до декември 2021<br>Рахим Кадри 50 %<br>Екрем Кадри 50 %</td><td colspan="4">Мефаил Кадри – 50 % Екрем Кадри – 50 %</td></tr>
<tr><td>РА Зона М-1</td><td colspan="5">Светлана Тасевска – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Урбан ФМ</td><td>„Урбан вејв“ ДОО Скопје – 100 %</td><td>од јануари 2022<br>Митко Арнаудов 100 %</td><td colspan="3">од мај 2023<br>Робин Зимбаков – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Клуб ФМ</td><td colspan="5">Ѓорѓи Савев – 34 % и Елена Петреска – 66 %</td></tr>
<tr><td>РА Лајф</td><td colspan="2">Крешник Ајдини – 100 %</td><td colspan="3">од ноември 2023<br>Афердита Фетау – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Роса АБ</td><td colspan="5">Александар Димитров – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА РФМ</td><td colspan="5">Ристо Гоговски – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Сити</td><td colspan="5">Дарко Гелев – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Скај</td><td colspan="5">Теодор Манески – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Спортско 90,3</td><td colspan="5">Тони Митев 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Фортуна</td><td colspan="5">Виолета Божиноска – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Џез ФМ</td><td colspan="2">Љупчо Хаџи–Стефанов – 100 %</td><td>од ноември 2023<br>Ален Хаџи Стефанов 100 %</td><td colspan="2">од јануари 2024<br>Дарко Фиданоски – 100 %</td></tr>
</table>

Правно лице е сопственикот на РА 99. Станува збор за Друштвото за трговија, производство, угостителство и услуги „Умаја БТ“ ДООЕЛ Скопје, кое е основано во 2010 година, а во сопственичката структура на РА 99 пристапи во декември 2023 година. Друштвото е во целосна сопственост на физичко лице.




Во периодот од последните пет години, правно лице се јавуваше како сопственик на уште една регионална радиостаница – РА Урбан ФМ. Во јануари 2022 година овој радиодифузер спроведе промена на сопственичката структура со која правното лице истапи целосно од сопственоста на радиото.

Од вкупно 14 регионални радиостаници, само две имаат по двајца сопственици – РА Ват, чии сопственици се Мефаил Кадри и Екрем Кадри, секој со удел од по 50% во капиталот на радиостаницата, и РА Клуб ФМ, чии сопственици се Ѓорѓи Савев (со удел од 34%) и Елена Петреска (со удел од 66%).

# РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Дозвола да емитуваат програма на локално ниво имаат 36 радиостаници, од кои 34 се комерцијални и две се непрофитни – РА УКЛО ФМ и РА Марија Благовест. УКЛО ФМ е студентско радио во рамки на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, а сопственик на РА Марија Благовест е Здружението „Радио Марија Македонија“ Струмица, чии сопственици се Јадранка Чадиновска и Ратислав Кардалев.

Како сопственици на 34-те комерцијални локални радија се јавуваат 36 физички и три правни лица. Правни лица се сопствениците на РА Свети Николе и РА Енџелс.

Мнозински сопственик (со удел од 88%) во РА Свети Николе е Друштвото за интелектуални услуги и едукативни дејности „Меѓународен славјански институт“ ДООЕЛ Свети Николе. Краен сопственик на ова правно лице е физичкото лице Јордан Ѓорчев, кое го поседува институтот преку друго правно лице – „Меѓународниот славјански уиниверзитет Свети Николе“.



Друштвото за продукција, услуги и трговија „Енџелс плус" од Штип е сопственик на РА Енџелс, а самото друштво е 100 % во сопственост на лицето Зоран Илиев.




Само пет локални радиостаници имаат повеќе од еден сопственик – РА Валандово, РА Мерак 5 ФМ, РА Кавадарци, РА Кочани ФМ и РА Свети Николе. Во продолжение се дадени податоците за сите сопственици на локални радија во периодот од 2021 до 2025 година.

Табела 7: Сопственичка структура на локалните радиостаници во последните пет години

<table>
<tr><th>РА</th><th>2021</th><th>2022</th><th>2023</th><th>2024</th><th>2025</th></tr>
<tr><td>РА 106</td><td colspan="5">Кире Христовски – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА УКЛО ФМ</td><td colspan="5">Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола</td></tr>
<tr><td>РА Валандово</td><td colspan="5">Снежана Шунтова - 50% и Дионис Нунов – 50 %</td></tr>
<tr><td>РА Голди</td><td colspan="5">Маја Чадиева – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Мерак 5ФМ</td><td colspan="5">Димче Саздов – 50 % и Љупчо Несторов – 50 %</td></tr>
<tr><td>РА Ла Коста</td><td>Дафинка Костадинова 100 %</td><td colspan="4">од ноември 2022<br>Бранко Ивановски – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Комета</td><td>до март 2021 Раде Исајлоски, од март 2021 Слободанка Исајлоска, од мај 2021 Зоран Маџоски</td><td colspan="4">Зоран Маџоски – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Тајм</td><td colspan="5">Павле Јовановски – 100 %</td></tr>
<tr><td>РА Галакси</td><td colspan="5">Нада Ангелова – 100 %</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| РА Кавадарци | Трајанка Митрова – 100 % | од јули 2024<br>Трајанка Митрова – 70 %<br>Златко Ѓорчев – 30 % |
| РА Александар Македонски | Илија Таневски – 100 % | |
| РА Акорд | Зорица Ѓореска – 100 % | |
| РА Медисон | Нада Јосифоска – 100 % | |
| РА Кочани ФМ | Илчо Лазаровски – 50 % и Илија Стефановски – 50 % | |
| РА Бум | Сузана Андоновиќ – 100 % | |
| РА Јехона ФМ | Бесим Шабани – 100 % | |
| РА Сквер | / | Саша Митиќ<br>100 % |
| РА Пулс | Марјан Тодоров – 100 % | |
| РА Супер | Сашо Митаноски – 100 % | |
| РА Мефф | Билјана Јовеска – 100 % | |
| РА Холидеј | Ленче Андоноска - 100% | |
| РА Пела | Гордана Цветаноска – 100 % | |
| РА Еко | Дарко Пановски – 100 % | |
| РА Модеа | Блаѓе Монев – 100 % | |
| РА Свети Николе | Пензиско и инвалидско осигурување Скопје – 12 %<br>„Меѓународен славјански институт" ДООЕЛ, Свети Николе – 88 % | |
| РА Плеј | Никола Бебекоски – 100 % | |
| РА Експрес | Соња Појразовска  – 10 0% | |
| РА Хит | Стево Трајков – 100 % | |
| РА Блета | Африм Рамадани – 100 % | |
| РА Кисс | Зоран Тодоровски – 100 % | |
| РА Плус Форте | Небојша Карапејовски – 100 % | од март 2025<br>Милан Павловски<br>100 % |
| РА 7 | Енкелејда Шелбурне – 100 % | |
| РА Ред ФМ | Арба Мехмети – 100 % | од септември 2023<br>Фјона Мехмети -100 % |
| РА Енџелс | „Енџелс плус" ДООЕЛ Штип – 100 % | |
| РА Марија Благовест | Здружение „Радиоас Марија Македонија", Струмица – 100 % | |
| РА Импулс | Горанчо Тасев – 100 % | |

## ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА ВО 2024 ГОДИНА И ИНТЕГРАЦИЈА НА КАПИТАЛОТ КАЈ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во 2024 година Агенцијата одобри промена на сопственичката структура на пет радиодифузери (четири телевизии и една радиостаница), а еден радиодифузер (РА Ррапи) изврши промена без претходно да добие согласност од регулаторот и пред истата да биде одобрена од страна на регулаторот. Станува збор за следните промени:

- истапување на правното лице „Кејбл 24" ДОО Линц од сопственоста на ТВ 24 Вести и пристапување на правното лице „Комнет 328" ДОО Белград. Оваа промена беше реализирана во февруари 2024 година;
- истапување на акционерското друштво ТВ Клан од Тирана од сопственоста на ТВ Клан и пристапување на физичкото лице Фатон Шоши од Приштина. Иако Агенцијата ја одобри оваа промена, радиодифузерот не ја реалзираше во Централниот регистар на РСМ. Во април 2025 година Агенцијата ѝ ја одзеде дозволата за телевизиско емитување на ТВ Клан, поради тоа што настанале околности што претставуваат законски пречки имателот на дозволата да ја врши дејноста;
- пренесување на 30% од уделот кое физичкото лице Трајанка Митрова го поседува во сопственоста на РА Кавадарци, на физичкото лице Златко Ѓорчев. Оваа промена беше реализирана во јули 2024 година;
- истапување на физичкото лице Имихане Велија од сопственоста на ТВ Алсат-М и пренос на нејзиниот удел на физичкото лице Ферик Велија. И оваа промена беше реализирана во јули 2024 година;

- истапување на физичкото лице Мерита Адиљи од сопственоста на ТВ Гурра и пристапување на физичкото лице Кастриот Исеиноски. Оваа промена беше реализирана во декември 2024 година; и
- истапување на физичкото лице Фисник Бектеши од сопственоста на РА Ррапи и пристапување на физичкото лице Енди Бектеши. Оваа промена беше реализирана во октомври 2024 без одобрение на Агенцијата, а во декември престана да важи дозволата за радио емитување на овој радиодифузер.

Едно исто лице истовремено се јавува како сопственик на повеќе од еден радиодифузер во три случаи. Поточно, ист сопственик имаат ТВ Шења и ТВ Ера (тоа е Друштвото за трговија и услуги „Медиа ворлд њус" ДООЕЛ Скопје), Наша ТВ и РА РФМ (кои се во сопственост на Ристо Гоговски) и РА Метрополис и РА Сити (лицето Дарко Гелев е единствен сопственик на РА Сити и сопственик на удел од 50,04% во РА Метрополис).

Табела 8: Хоризонтална инеграција кај радиодифузери

| **сопственик** | **радиодифузер** |
| --- | --- |
| Друштво за трговија и услуги „Медиа ворлд њус" ДООЕЛ Скопје | ТВ Шења |
| | ТВ Ера |
| Ристо Гоговски | Наша ТВ |
| | РА РФМ |
| Дарко Гелев | РА Метрополис |
| | РА Сити |

## Следење на сопственоста на радиодифузерите од аспект на ограничувањата за стекнување сопственост

По завршувањето на претседателските и парламентарните избори во 2024 година, а имајќи ја предвид забраната од ЗААВМУ за стекнување сопственост, според која политички партии, државни органи, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност, ниту да бидат основачи, соосновачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите, Агенцијата испрати допис до сите радиодифузери и им укажа да го усогласат работењето со одредбите од ЗААВМУ доколку по изборите настанале промени што може да доведат до прекршување на овие одредби. Кај само еден радиодифузер – локалната радиостаница РА Плус Форте од Тетово беше констатирано прекршување на овие забрани (лице кое е член на семејството на сопственикот на оваа радиостаница по изборите беше избрано за пратеник во Собранието на РС Македонија). Радиодифузерот поднесе известување до Агенцијата за промена на сопственичката структура и по одобрувањето го усогласи работењето со одредбите од законот.

# Сопственичка структура на издавачите на печатени медиуми

Во регистарот на издавачи на печатени медиуми се евидентирани 19 субјекти. Од нив, две се здруженија на граѓани - Културно здружение „Визиони" М Скопје, издавач на „Шења", и Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој „Паблик" Скопје, издавач на „Лице в лице". Како сопственици на другите 17 издавачи се јавуваат три правни и 36 физички лица.

Табела 9: Сопственичка структура на издавачите на печатени медиуми

| | издавач на печатен медиуми | медиум | сопственик/ци и удел во сопственоста |
|---|---|---|---|
| 1 | Друштво за производство, промет и услуги „Репро принт" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | „Нова Македонија" | „Репро уан лимитед", Британски Девствени Острови – 100 % |
| 2 | Друштво за издавање и маркетинг „Слободен печат" ДОО Скопје | „Слободен печат" | Владимир Гаљак, Белград – 50 % |
| | | | Друштво за печатење, дистрибуција и услуги „Печат МК" ДОО Скопје – 50 % |
| 3 | Трговско друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги „Капитал медиа гроуп" ДОО увоз-извоз Скопје | „Капитал" | Љупчо Зиков – 6,09 % |
| | | | Друштво за производство, трговија и услуги „Камбурис и барба" ДОО увоз-извоз Скопје – 41,39 % |
| | | | „Репро уан лимитед" АД Тортола, Британски Девствени Острови - 51% |
| | | | Гордана Стојановска-Ицевска – 1,52 % |
| 4 | Друштво за издавање и маркетинг „Вечер прес" ДООЕЛ Скопје | „Вечер" | Сашо Богдановски – 100 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги „Коха продакшн“ ДОО Скопје | „Коха“ | Лирим Дулови – 60 %<br>Арбен Раткоцери – 40 % |
| 6 | Друштво за новинско издавачка дејност „Медиа плус фокус“ ДООЕЛ Скопје | „Фокус“ | Биљана Трошановска – 100 % |
| 7 | Друштво за производство, трговија и услуги „Јени Балкан“ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје | „Бахче“ | Муртеза Сулооџа – 100 % |
| 8 | Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг „АТВ Медиа компани“ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје | „Лајм“ | Фејзи Ајдари – 100 % |
| 9 | Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност „Еуро-мак компани“ ДОО увоз-извоз Скопје | „Економија и бизнис“ | Весна Јовановска – 68,5 %<br>Зоран Јовановски - 31,5 % |
| 10 | Друштво за услуги „Антиќ медиа“ ДООЕЛ Скопје | „Портрет“ | Ружица Антиќ – 100 % |
| 11 | Друштво за производство, трговија и услуги „Медиум боја 43“ ДООЕЛ увоз-извоз Штип | „Штипски глас“ | Иванчо Бојаџиски – 100 % |
| 12 | Друштво за производство, трговија и услуги „Колор медиа плус“ ДОО Скопје | „Убавина и здравје“ и „Економист“ | Александар Наков – 51 %<br>Јована Стојменовиќ – 49 % |
| 13 | Друштво за издавачка дејност „Биро прес“ ДОО Скопје | „Порта 3“ | Александар Белев – 5 %<br>Љупчо Атанасовски – 5 %<br>Виктор Каранфилов – 10 %<br>Филип Филипоски – 5 %<br>Гоце Адамчески – 5 %<br>Предраг Мојсовски – 5 %<br>Стефан Каратуков – 5 %<br>Елена Филипоска – 5 %<br>Горјан Јовановски – 5 %<br>Богданчо Гогов – 4 %<br>Емилија Петровска – 9 %<br>Александра Петровска – 9 %<br>Коста Костов – 10 %<br>Сандра Дончева – 9 %<br>Вања Дончева – 9 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | Културно здружение „Визиони М“ Скопје | „Шења“ | Ердуан Даути – претседател |
| 15 | Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги „Зенит прес плус“ увоз извоз ДОО Прилеп | „Зенит“ | Светлана Ристеска – 50 %<br>Љупчо Мургоски – 50 % |
| 16 | Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој„ Паблик“ Скопје | „Лице в лице“ | Климентина Илијевски – овластено лице |
| 17 | Друштво за реклама и пропаганда „Кликер маркетинг“ ДООЕЛ Скопје | „Ин стор“ | Верица Мартиновска – 100 % |
| 18 | Друштво за развој на научно-техничка култура „Емитер“ ДОО Скопје | „Емитер“ | Слободан Таневски – 75 %<br>Сашко Таневски – 25 % |
| 19 | Друштво за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги „Народен лекар“ ДООЕЛ Скопје | „Народен лекар“ | Арсен Колевски – 100 % |

Издавачи на печатени медиуми во сопственост на правни лица се:

Друштвото за производство, промет и услуги „Репро принт“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија“, кое е во целосна сопственост на правното лице „Репро уан лимитед“, со седиште во Британските Девствени Острови.

„Репро уан лимитед“ се јавува и како сопственик на Трговското друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги „Капитал медиа гроуп“ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал“. Уделот на „Репро уан лимитед“ во капиталот на овој издавач изнесува 51%. Други сопственици се: Друштвото за производство, трговија и услуги „Кмбурис и барба“ ДОО увоз-извоз Скопје (со 41,39% удел), Љупчо Зиков (со 6,09% удел) и Гордана Стојановска-Ицевска (со 1,52% удел). Сопственоста на „Камбурис и барба“ ДОО увоз-извоз Скопје е подеднакво поделена помеѓу Љупчо Зиков и Ленче Зикова.

Третиот издавач во чијашто сопственост учествува правно лице е Друштвото за издавање и маркетинг „Слободен печат" ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат". Сопственици на ова друштво, со учество од по 50% секој, се физичкото лице Владимир Гаљак од Белград и Друштвото за печатење, дистрибуција и услуги „Печат МК" ДОО Скопје. Најголем дел (90%) од сопственоста на „Печат МК" ДОО Скопје му припаѓа на Драган Живковиќ, а останатите 10% ги поседува Мирослав Јовановиќ.